# ПРЕДЛОГ - ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

## I
## ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се обезбедува заштита од сите форми на дискриминација и се унапредува правото на еднаквост.

Член 2

Целта на овој закон е ефективна заштита од дискриминација и обезбедување на правото на еднаквост на секое лице во остварувањето на правата загарантирани со Уставот, закон и меѓународните договори.

Член 3

Се забранува секоја директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување врз основа на: пол, раса, боја на кожа, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, инвалидитет, возраст, сексуална ориентација, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или било која друга основа која е предвидена со закон или со меѓународен договор (во понатамошниот текст: дискриминаторска основа) .

Член 4

Со овој закон се обезбедува заштита на сите физички лица од дискриминација во Република Македонија.

Член 5

Во остварувањето на своите надлежности државните органи, органите на единиците на локалната самоуправа, другите органи и организации кои вршат јавни овластувања и јавните установи и служби, ќе ги почитуваат одредбите на овој закон и ќе ги преземаат сите потребни мерки за постигнување на целите утврдени со закон.

### Дефиниции

Член 6

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

(1) Афирмативни мерки се активности на државните органи кои се насочени кон позитивна дискриминација, односно, редуцирање, намалување или елиминирање на фактичка нееднаквост којашто настанала како резултат од претходна дискриминација.

(2) Маргинализирана група е група од поединци кои ги обединува специфична положба во општеството, кои се објект на предрасуди, имаат посебни карактеристики кои ги прават погодни за одредени видови на насилство, имаат помала можност за уживање и заштита на сопствените права.

(3) Сексуална ориентација, значи емоционална, сексуална или љубовна привлечност спрема друго лице, која вообичаено се поврзува со полот на инволвираните луѓе.

(4) Сексуално вознемирување е несакано однесување од сексуален карактер, кое се изразува физички, вербално или на било кој друг начин, а има за цел да предизвика повреда на достоинството на лицето и/или да создаде непријателско, заканувачко и понижувачко опкружување, особено кога одбивањето да се прифати таквото однесување или притисокот да биде прифатено, може да влијае на донесувањето на одлуки кои ќе имаат влијание на тоа лице.

## II
## ОБЛИЦИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА

### Директна и индиректна дискриминација

Член 7

(1) Директна дискриминација врз дискриминаторска основа е секое неповолно постапување, разликување, исклучување или ограничување кое како последица има или би можело да има одземање, нарушување или ограничување на еднаквото признавање или уживање на човековите права и основни слободи
(2) Индиректна дискриминација врз дискриминаторска основа е секое ставање на некое лице во неповолна положба во споредба со други лица, со донесување на одредби или критериуми или со преземање определени дејствија или практики кои по содржина се навидум неутрални, освен кога таквите одредби, критериуми или практики произлегуваат од оправдана цел, а содржините за постигнување на таа цел се соодветни и неопходни.

### Вознемирување

Член 8

(1) Вознемирувањето претставува форма на дискриминација во услови на несакано однесување кое произлегува од дискриминаторска основа и кое има за цел повреда на достоинството на одредено лице или на член на неговото семејство или создавање заканувачка, непријателска, деградирачка, понижувачка или застрашувачка атмосфера.
(2) Како вознемирување се смета и сексуалното вознемирување и закананата со дискриминација.

### Дискриминација на лицата со интелектуална и телесна попреченост

Член 9

(1)Недостатокот на соодветна адаптација на инфраструктурата за лицата со интелектуална и телесна попреченост ќе се смета за дискриминација.

(2)Како оправдана адаптација на инфраструктурата ќе се смета адаптација којашто не предизвикува несразмерно оптоварување за субјектот кој треба да ја постави или несразмерно оптоварување коешто ефективно може да биде или е компензирано со други постоечки мерки.
(3)Како дискриминација во смисла на овој закон ќе се смета и пропуштањето да им се овозможи на лицата со интелектуална и телесна попреченост, во согласност со нивните специфични потреби, користење на јавно достапни ресурси или учество во јавниот и општествениот живот или пристап до работа и соодветни услови за работа.

**Поттикнување на дискриминација**

Член 10

Како дискриминација ќе се смета и секоја активноста со која некој директно или индиректно повикува, охрабрува, дава упатства или убедува некого да изврши дискриминација.

**Виктимизација**

Член 11

(1)Дискриминација во смисла на член 3 од овој закон се смета и виктимизацијата, односно неповолно постапување кон лицето кое презело или се претпоставува дека презело или дека ќе преземе било каква активност за заштита од дискриминација.

**Потежок облик на дискриминација**

Член 12

Како потежок облик на дискриминација во смисла на овој закон ќе се смета дискриминацијата направена кон одредено лице по повеќе дискриминаторски основи (повеќекратна дискриминација), дискриминација направена повеќе пати (повторена дискриминација), којашто е правена подолго време (продолжена дискриминација) или којашто со своите последици особено тешко ја погодува жртвата на дискриминација.

## III
## ИСКЛУЧОЦИ ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

**Општи исклучоци**

Член 13

Забраната на дискриминација содржана во овој закон нема да се однесува на случаите кога постои објективно оправдана цел согласно со Уставот, закон и меѓународните договори.

**Посебни исклучоци**

Член 14

Нема да се смета за дискриминација:

1) постапување кое има за цел заштита на здравјето на луѓето, општата безбедност и спречување на извршување на кривични

дела што треба да биде оправдано со легитимна цел и разумни и нужни средства за постигнување на целта;

2) постапување од страна на органите од член 5 на овој закон кое има за цел подобрување на положбата на припадниците на заедниците на начин и постапка уредени со закон;
3) различниот третман на странците на начин и во постапка утврдени со закон;
4) различниот третман на лицата во однос на одредено работно место кога природата на таа работа или условите во кои се извршува се поврзани со некоја од дискриминаторските основи, односно, претставува суштински и одлучувачки услов за извршување на работните задачи;
5) различниот третман на лицата врз основа на религија, верско уверување или пол, во врска со занимање кое се одвива во религиозни институции или организации кога, според карактерот на конкретното занимање или активност, или поради условите во кои се остварува, религијата, уверувањето или полот, претставуваат суштински и одлучувачки услов за извршување на на конкретното занимање или активноста ;
6) барањето на определена старост, професионално искуство или стаж во работните односи, обуката и образованието, кога истите претставуваат суштински и одлучувачки услов за извршување на работата и напредување во кариерата;
7) посебната заштита предвидена со закон за бремени жени, мајки, деца без родители, деца без родителска грижа, деца под старателство малолетници самохрани родители, лица со посебни потреби и стари лица;
8) преземање на мерките предвидени со закон за поттикнување на вработувањето;
9) различниот третман на лицата со интелектуална и телесна попреченост согласно со закон;
10) преземање на мерките во областа на образованието и обуката насочени он воспоставување на еднакви можности за вработување на мажите и жените;
11) преземање на мерки за заштита на посебноста и идентитетот на лицата, припадници на различни заедници и нивното право да го негуваат и развиваат сопствениот идентитет индивидуално или во заедница со другите членови;
12) преземање на афирмативни мерки кои имаат за цел заштита на маргинализираните групи, односно елиминирање или редуцирање на фактичките нееднаквости и ако преземањето на мерките со разумни средства е оправдано и пропорционално на целта.

## IV
## ПОДРАЧЈЕ НА ПРИМЕНА

Член 15

Овој закон се применува на постапувањето на органите од член 5 на овој закон во областа на:

1) Работата и работните односи, можноста за вршење на самостојна дејност, вклучувајќи ги и критериумите за избор и услови при

вработување и напредување, пристап до сите видови на професионално насочување, стручно оспособување, усовршување или преквалификација;

2) Образование, наука и спорт;
3) Социјална сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална грижа, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување, и здравствена заштита;
4) Правосудство и управа;
5) Домување;
6) Јавно информирање и медиуми;
7) Пристап до добра и услуги;
8) Членување и делување во синдикалните, политичките партии или било кои други невладини организации;
9) Културното и уметничкото творештво;
10) Други области определени со закон.

## V
## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

### Орган надлежен за заштита од дискриминација

Член 16

(1) Народниот правобранител во рамките на својата надлежност презема дејствија за унапредување на правото на еднаквост и за заштита на лицата кои се жртви на дискриминација.

(2) Народниот правобранител дејствијата од став 1 на овој член ги презема на начин и во постапка уредена со закон.

(3) Дејствија за заштита од дискриминација може да преземе и друг орган определен со закон.

(4) Органите од член 5 на овој закон должни се да го известуваат Народниот правобранител од став 1 на овој член за појавите и облиците на дискриминација.

### Учество во судска постапка

Член 17

Народниот правобранител на барање на надлежниот суд доставува мислење во случај кога лицето кое поднело тужба од член 24 на овој закон пред поднесувањето на тужбата водело постапка за заштита од дискриминација пред Народниот правобранител.

### Совет за заштита од дискриминација

Член 18

(1) Владата формира Совет за заштита од дискриминација кој обезбедува соработка и усогласување на органите на државната управа и утврдува предлози за преземање на конкретни мерки во областа на заштитата од дискриминација (во натамошниот текст: Совет за заштита од дискриминација).

(2) Совет за заштита од дискриминација е составено од 9 членови именувани од страна на Владата на Република Македонија.

(3) Совет за заштита од дискриминација е составен од претставници на Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за здравство, Министерството за транспорт и врски, Министерството за надворешни работи, Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор и Секретаријат за европски прашања.

(4) Во работата на Совет за заштита од дискриминација учествуваат и претставници од Народниот правобранител и невладиниот сектор.

(5) Со Советот за заштита од дискриминација раководи претставникот на Министерството за труд и социјална политика.

**Надлежности на Советот за заштита од дискриминација**

Член 19

Советот за заштита од дискриминација ги има следните надлежности:

- донесува Деловник за својата работа;
- работи на зајакнување на меѓусебната координација на сите надлежни органи во областа на заштита од дискриминација и унапредување на правото на еднаквост;
- давање на предлози за унапредување на законската регулатива и преземање на мерки и активности од областа на заштитата на дискриминацијата во Република Македонија,
- покренува иницијативи за пошироко запознавање на граѓаните со прашањата од областа на заштитата од дискриминација;
- соработува со меѓународни организации и тела ангажирани во заштитата од дискриминацијата;
- подготвува годишни извештаи за својата работа и за состојбите во областа на заштитата од дискриминација што ги доставува до Собранието и до Владата на Република Македонија, кои се должни да преземат соодветни мерки и активности, согласно со своите надлежности.

**Административно – финансиско работење на Советот за заштита од дискриминација**

Член 20

(1) Административните работи на Советот за заштита од дискриминација ги врши Министерството за труд и социјална политика.

(2) Средства за работа на Советот за заштита од дискриминација се обезбедуваат во рамките на буџетот на Министерството за труд и социјална политика.

## VI
## ПРАВНА ЗАШТИТА

### Дисциплинска одговорност

Член 21

Секое дискриминаторско дејствие сторено во вршењето на службената должност претставува основ за дисциплинска одговорност согласно закон.

### Заштита во управна постапка

Член 22

(1) Во управна постапка дозволена е жалба заради заштита од дискриминација.
(2) По жалбата од став (1) од овој член одлучува надлежниот второстепен орган.
(3) Против конечниот управен акт лицето кое смета дека е жртва на дискриминација може да поведе управен спор.

### Право на заштита

Член 23

(1) Лицето кое смета дека поради дискриминација му е повредено некое право, може да бара заштита на тоа право во посебна постапка пред надлежен суд во која се одлучува како за главно прашање, а може да бара и заштита во посебна постапка уредена во член 24 од овој закон.
(2) Судот и другите органи кои спроведуваат постапка во која предмет е прашањето на дискриминација, должни се дејствијата во постапката да ги преземаат итно и без одлагање, со цел да се испитаат сите тврдења за дискриминацијата.

## ПОСЕБНА ПОСТАПКА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

### Посебни тужби за заштита од дискриминација

Член 24

(1) Лицето кое тврди дека е жртва на дискриминација според одредбите на овој закон е овластено да поднесе тужба и да бара:

1) да се утврди дека тужениот го повредил правото на тужителот на еднаков третман, односно дејствието коешто го презел или пропуштил може непосредно да доведе до повреда на правата на

еднаквост во постапувањето (тужба за утврдување на дискриминација);
2) да се забрани преземање дејствија со кои се крши или може да се прекрши правото на тужителот на еднакво постапување, односно да се извршат дејствија со кои се отстранува дискриминацијата или нејзините последици (тужба за забрана или отстранување на дискриминација);
3) да се надомести материјалната и нематеријалната штета причинета со повреда на правата заштитени со овој закон (тужба за надомест на штета);
4) да се објави во медиумите пресудата со која е утврдена повреда на правата на еднакво постапување на трошок на тужениот.

(2) За тужбените барања од став 1 од овој закон, одлучува надлежен суд со примена на одредбите од Законот за парнична постапка, ако со овој закон не е поинаку определено.

(3) Барањата од став 1 од овој член, може да се истакнат заедно со барањата за заштита на други права за кои се одлучува во парнична постапка, ако сите барања се во меѓусебна врска и ако ист суд е стварно надлежен за нив, без оглед дали за тие барања е пропишано решавање во општа или во посебна парнична постапка.

**Јавно објавување на пресудата**

Член 25

(1)Барањето за објавување на пресудата од член 24 став (1) точка 4) на овој член судот ќе го усвои ако утврди дека:
1) до повреда на правата на еднакво постапување дошло со посредство на медиумите, или
2) дека информацијата за постапување кое го крши правото на еднакво постапување била објавена во медиумите, а објавувањето на пресудата е потребно поради целосен надомест за сторената штета или заштита од нееднакво постапување во идни случаи.

(2)Ако го усвои барањето за објавување на пресудата, судот ќе наложи пресудата да се објави во целост или делумно заради заштита на лични податоци.

(3)Пресудата со која се налага објавување во медиумите го обврзува издавачот на медиумот во кој треба да се објави пресудата, без оглед на тоа дали бил странка во постапката.

**Надлежност**

Член 26

(1) За барањата од член 24 од овој закон во прв степен стварно надлежен е основен суд, ако со закон не е поинаку одредено.

(2) За судење во спорови од член 24 од овој закон, покрај судот со општа месна надлежност, надлежен е и судот на чие подрачје тужителот има живеалиште, односно престојувалиште, како и судот на чие подрачје настапила штетата или е извршено дискриминаторското дејствие.

**Мерки за обезбедување**

Член 27

(1) Пред започнувањето или во текот на постапката по повод тужбеното барање од член 24 од овој закон, судот може на предлог на странката да одреди мерки за обезбедување .
(2) Со поднесувањето на предлогот за мерки за обезбедување потребно е:
- подносителот на барањето да направил веројатно дека е повредено неговото право на еднакво постапување; и
- одредувањето на мерката да е потребно заради отстранување на опасноста од ненадоместлива штета, особено тешки повреди на правата на еднакво постапување или спречување на насилство.

(3) За мерките од став (1) на овој член одлучува судот кој е надележен за тужбените барања на начин и во постапка утврдена со закон.

**Товар на докажувањето**

Член 28

(1) Ако странката во судска или друга постапка тврди дека согласно одредбите на овој закон и е повредено нејзиното право на еднакво постапување должна е да ги изнесе сите факти и докази кои го оправдуваат нејзиното тврдење. Докажувањето дека немало дискриминација паѓа на товар на спротивната странка.
(2) Одредбата на став 1 од овој член не се применува во прекршочната и казнената постапка.

**Учество на трети лица**

Член 29

(1) Во парница по повод барањето од член 24 од овој закон, може како замешувач на страна на лицето кое тврди дека е жртва на дискриминација да се придружи орган, организација, установа, здружение или друго лице, кое во рамките на својата дејност се занимава со заштита на правата на еднакво постапување за чијшто права се одлучува во постапката. За учеството на замешувачот одлучува судот со примена на одредбите на Законот за парнична постапка
(2) Судот ќе дозволи учество на замешувач од став (1) само со одобрение на лицето на чијашто страна замешувачот сака да се замеша.
(3) Замешувачот од став (1) од овој член може да презема дејствија во постапка и во постапката ги има сите права што му припаѓаат на замешувачот.
(4) Без оглед на резултатот на парницата замешувачот од став (1) на овој член сам ги сноси трошоците од своето учество во парницата.

**Рок за исполнување на обврската, извршување**

Член 30

(1) По повод барањето од член 24 став (1) точка 1) и 4) судот може да одлучи жалбата да не го задржува извршувањето или да одреди пократок рок за исполнување на обврските на тужениот.

**Вонредни правни лекови**

Член 31

Во постапките од член 24 секогаш е допуштена ревизија.

**Заедничка тужба за заштита од дискриминација**

Член 32

(1) Здруженија, установи или други организации кои се основани во согласност со постојните прописи, а имаат оправдан интерес за заштита на колективните интереси на одредена група или во рамките на својата дејност се занимаваат со заштита на правата на еднакво постапување, можат да поднесат тужба и во постапката пред судот да настапат како сопарничари против лицето кое го повредило правото на еднакво постапување, ако направат веројатно дека со постапувањето на тужениот е повредено правото на еднакво постапување на поголем број лица.
(2) Во тужбата од став (1) може да се истакне барање:

1) да се утврди дека постапувањето на тужениот го повредило еднаквиот третман во однос на членовите на групата;
2) да се забрани преземање дејствија со кои се крши или може да се прекрши еднаквиот третман, односно да се извршат дејствија со кои се отстранува дискриминацијата или нејзините последици во однос на членовите на групата;
3) пресудата со која е утврдена повреда на правата на еднакво постапување да се објави во медиумите на трошок на тужениот.

(3) За тужбата од став (1) на овој член во прв степен одлучува основниот суд месно надлежен за тужениот или основниот суд на местото на кое е причинето дискриминаторското дејствие.
(4) Другите одредби од овој закон, кои се однесуваат на тужбите од член 24 став (1) од овој закон, на соодветен начин се применуваат на тужбата од став (1) од овој член.
(5) Тужбата од став (1) на овој член е дозволена доколку постои согласност од лицето кое тврди дека е жртва на дискриминација.

**VII**
**ПРЕКРШОЧНИ САНКЦИИ**

Член 33

(1) Глоба во износ од 400 до 600 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на секој кој ќе го повреди достоинството на друг, со цел

предизвикување страв или создавање на непријателско, понижувачко или навредливо опкружување врз дискриминаторска основа (член 8).

(2) Глобата во износ од 600 до 800 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршокот од став (1) на овој член на одговорното лице во правното лице, во државен орган, во орган на единица на локалната самоуправа или орган со јавни овластувања или на поединец кој во вид на регистрирано занимање врши одредена дејност.

(3) Глоба во износ од 800 до 1000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на правно лице за прекршокот од став (1) на овој член.

Член 34

(1) Глоба во износ од 400 до 600 евра во денарска противвредност ќе се изрече на одговорното лице во државниот орган и органот на единицата на локалната самоуправа кој нема да го пријави кај Народниот правобранител постоењето на основано сомнение за дискриминација за која дознал при вршењето на својата должност (член 17).

Член 35

(1) Глоба во износ од 400 до 600 евра во денарска противвредност ќе се изрече на одговорното лице во државен орган или орган на единица на локална самоуправа, доколку на барање на Народниот правобранител, во рок од 30 ден од приемот на барањето, не достави податоци поврзани со дискриминацијата или не дозволи увид во спис (член 17).

Член 36

(1) Глоба во износ од 400 до 600 евра во денарска противвредност ќе се изрече на оној кој ќе го доведе во неповолна положба лицето кое во добра вера пријавило дискриминација или на било кој начин учествувало во постапката заради дискриминација во согласност со одредбите на овој закон (член 12).

(2) Глобата од став (1) на овој член ќе се изрече и на оној кој намерно во понеповолна положба ќе го доведе лицето кое било сведок на дискриминација или одбило налог за дискриминаторско однесување.

(3)Глобата во износ од 600 до 800 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршокот од ставовите (1) и (2) на овој член на одговорното лице во правното лице, државен орган, орган на единица на локалната самоуправа или лице со јавни овластувања или на поединец кој во вид на регистрирано занимање врши одредена дејност.

(4) Глоба во износ од 800 до 1000 евра во противвредност ќе се изрече на правно лице за прекршокот од ставовите (1) и (2) на овој член.

## VIII
## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 37

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија,“ а ќе се применува по истекот на три месеци од денот на неговото влегување во сила.